Ушите на Адолф
(Берлински дневник)

Марко Погачар

Објавувањето на книгата е помогнато од
Министерството за култура и медиуми на Република Хрватска



Библиотека – Аквамарин

Главен уредник
Филип Димевски

Лектура
Ирена Ралева

Наслов на оригиналот:
Marko Pogačar **Adolfove uši**

Copyright © by Marko Pogačar, 2022
Copyright © Begemot, 2025

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.


Ушите на Адолф
(Берлински дневник)

Марко Погачар

превод од хрватски јазик
Владимир Јанковски



Скопје, 2025



Ready made


Стариот мој сакаше пеш до Берлин
за да го фати лично Адолф за уши...
Бајагиќ

Мирувај, не гледај го нашиот пат
со толку тага, не е засекогаш
загубен, трепереньето на убавината изгледа
доаѓа – болеста се будат.

Болеста се будат,
од прагот мислата воздивнува до бунарот,
еден клукајдрвец ни удира среде гласот,
хоризонтот доаѓа и се враќа.

Тоа ќе биде прекрасна есен.
Драгојевиќ

... and then we take Berlin
Коен



Првиот ден

Беше нежен, сè уште остар пролетен ден, во арматурата на дрвјата полека се вплеткуваше сенката како нечуен доказ за животот, а под идните крошни буеше земјата и нејзиниот триумф беше очигледен: гробиштата родија добро.

Пред десетина година живеев во Кројцберг и се обидував да пишувам роман. Мојата соба се наоѓаше во непосредна близина на гробиштата што можеа да се видат од високиот прозорец, но во Берлин секогаш се живее недалеку од некоја надгробна плоча: овој град повеќе од другите сраснал со имињата на своите мртви. Романот, всушност, не го пишував. Повеќе занимавајќи се всушност со покуси форми, во моментите на грч, еуфорија или безработица, таа мисла бесконечно ја превртував низ главата. Дотогаш имав објавено пет-шест книги, од кои барем една во проза, имав загубено понекоја заблуда и првите од идеалите и – во средните дваесетти – веќе покажував видливи знаци на ќелавост. Значи, сè упатуваше на најдолгата прозна форма.

Меѓутоа, не стигнав многу подалеку од реченицата со која почнува овој текст, или некоја од нејзините варијанти. Во која насока и да тргнев, се кршев од нејзината точка како упорен, на брегот на можното по малку налутен бран, што со ноќи ме водеше до заклучокот дека за роман сум *непредодреден* и за него суштински неподготвен или – во подобрата, лажната утринска верзија – дека некаде во мене сè уште премногу врие

некој неодреден, но див *вистински живот*, живот кому неговото реално и метафорично вриење не му дозволуваат да се сталожи во горчливиот талог на фикцијата. Романот, навистина, никогаш не го напишав – тој ни некој друг – но изворот на јаловата градба на онаа несудена прва реченица, нејзиниот глув барут, силата на нејзината точка што семката ја претвори во цврст и непремостлив бедем, години подоцна ќе ми се појави како со рака напишана сметка, една од оние чиј ракопис го препознаваме веднаш, но не сме во можност да кажеме дали таа блискост нè смирува или, напротив, нè ужасува.

Проблемот со реченицата беше во тоа што, сега ми е јасно тоа, според принципот на првиот поглед сличен на оној на хаику, но од неговата отвореност бескрајно оддалечен и спротивен на секоја отвореност, таа се обиде во себе да го потисне целиот свет и неговиот симбол сведен на лаконски принцип: во својата претенциозност таа беше роман сам по себе и не трпеше извинувања ниту додатоци. Таа самата беше целосна слика на поразот, укажувајќи истовремено на парадоксот што, следствено на неговата огромна апотеоза, овозможува живот надвор од книгите и другите бегства, т.е. таканаречениот *нормален живот*: неговиот безусловен и темелен заборав.

* * *

Рано попладне е, а летото, спротивно на времето на денот, е при крајот. Сведено на сопствената намалена, во леќата на двогледот спасена слика, сепак сè уште не го спуштило целосно гардот и лисјата на јаворот имаат зрела зелена боја. Не, зеленката не е боја на неискуството и младоста; неа само неколку нијанси ја делат од потонување во мазна, претерана црнина.

Седам во кафулето „Штраус“, на самото дно на „Берманштрасе“. Не сум сигурен дали го носи името на Баварецот Рихард Штраус или на неговиот помлад презимењак Јохан, но ако се земе предвид нападно виенскиот шмек на локалот, може да се претпостави дека станува збор за кралот на полката и валцерите, гудачот на злогласниот *Син Дунав*. Тоа именување во двата случаи е погрешно. Дунав е кафен, повеќе личи на кафе упропастено од млеко, или на очите на мајка ми. Кафулето, сепак, се наоѓа во помошната зграда на мртовечницата на гробиштата Фридрихшвердешер Фридхоф II, еднокатница од некогаш црвена тула опкружена со две други, меѓусебно поврзани гробни полјани, па секако подобро би му одговарало презимето на кон смртописите повеќе склониот Рихард, авторот на *Умирања и трансфигурации, Жени без сенки* и *Мирувај, душо моја*. Исто така, не е исклучено дека станува збор за најобичен германски ној. Терасата гледа кон шумата на спомениkот на кој блескаат свежи или само се наѕираат некои одамна напуштени имиња. Нема многу крстови. Од другата страна на влезот се сместила, соодветно, каменорезачка работилница. Плочите пред неа потврдуваат дека и надгробните споменици се раѓаат безимени. Меѓу блоковите, како светилници, за неколку должини стрчи исправен мермерен астронаут.

Ми се чини дека во нас, јужњаците без земја, уште од детството е всаден длабок зазор од гробиштата. Се плашиме од нив, ги избегнуваме колку што можеме, го игнорираме нивното присуство како таму да живее самата смрт што, ако се држиме подалеку од неа, благо ќе нè заборави. Протестантскиот, можеби генерално северен однос кон куќата на мртвите е поинаков. Гробиштата се органи за варење на градовите, места за прошетка, места каде што на раат се седи и се чита, се препушта на првата или многу доцна љубов и се пра-

ви пикник. Повеќе отколку на стравот од смртта, тие упатуваат на ужасот на вечниот живот. Југословенот, меѓутоа, ни вљубен не заборава дека од сите страни е опкружен од мртви.

* * *

Меѓу две кафиња, првото што ме буди и второто што донесе лудило, се огласија и камбаните. Покрај масите на кафулето „Штраус“, нога зад нога се влечка скромна погребна поворка. Вкупно десетина луѓе го испраќаат ковчегот. Од терасата јасно се гледаат гробот и неговиот кртичник; човек би можел да дофрли до него со ќесе шеќер. Шеќерот е кафен, зашто на тоа тука и денес се сведе злогласната можност за избор: берлинското граѓанство го проголта сопствениот расизам без да се засркне, а шеќерот самиот по себе се устоличи како незаобиколен класен сигнал.

Ја мешам темната течност додека сандакот се лизга на своето место, а луѓето во лесна црнина изгледаат необично мирни, лежерни, како да умрел некој неискажливо стар. Виолинистот кого не го гледам изведува заводлив, за мене непознат напев, никаков *Ил силенцио*, никаков *Марш Фунебра*, нежно вибрато на струните наспроти помпезниот плех, и тоа парче, сè уште треперејќи во воздухот и кога земјата слична на леден орев ќе тропне врз измазнетото дрво, навидум засекогаш се преплетува со песната на косовите.

Вториот ден

Го почнав овој дневник со вистинска јавност на смртта, со нејзин опис стиснат во секојдневна сцена, зашто е јасно дека смртта е оној неподвижен придвижник, веројатно единствениот доследен почеток воопшто, а особено успешен почеток за пишување, како

и инаку за животот на пресудно важниот заборав. Еднакво, можеби и повеќе од она на што се сеќаваме, ние сме тој темен понор во нас, бездната на изгубеното што се таложи во точката на со времето недопрената можност, и нашата иднина најмногу личи токму на него: на нашиот заборав што барем еднакво толку е туѓ, едноставно сечиј. Тој е тоа место во кое голи се среќаваме со светот, од него како понорница извира фикцијата. Сеќавањето не е ништо друго освен иден заборав, заборав фатен во едната од своите безгрижни промени; гасеница на заборавот што се подготвува да полета. Слично му е на флешот на камерата чиј блесок за миг ја раздвојува темнината зад себе оставајќи матна полароид-фотографија, на светло заринкана сламка надеж. Заборавот, меѓутоа, претставува пролепса, авангарда, иднина на сеќавањето, негова судбина и златна доба. Со жеден крик оттаму се огласува непријатното сениште на идентитетот, зашто во срцевината на секој конечен идентитет лежи конечен, од лентата на времето издвоен заборав.

Третиот ден

Можеби поради своето привидно, очигледно претерано откажување од сеќавањата, овој вовед во фестивалот на заборавот, во Берлин не снимив ниедна фотографија. За волја на вистината, причината можеби треба да се бара во тоа што немам фотоапарат, а чувствувам зазор кон паметните телефони. Тој вишок на достапност, комуникација и информации ме плаши, како што како дете ме плашеа прашањата: бев склон во секое да видам стапица, ’рѓосано чудовиште на одговорот како атак на мојата лична слобода, стоичка состојба на неодреденост.

Треба да се додаде и дека во тоа бегство од сеќавањето сосема извесно се криеше и страв од љубов.

Зашто само целосна, чиста љубов, ништо друго освен љубов – нераскинлива, опсесивна, обврзувачка – секогаш негував кон сеќавањето, своето, како и сечие туѓо.

Сеќавањето на Југословените од мојата генерација, значи сеќавањето воопшто на последните Југословени, сепак дозволува еден сосема конкретен полароид. Тој изнуден подарок, најчесто како единствен од својот вид, се насели пред сè во албумите на потоа набрзо распаднатите семејства, кои не можеа да си ја дозволат технологијата на инстант-спомените. А за она запаметеното и онака во поголемиот дел е заслужна токму фотографијата. Очите на леќата одамна ги надминаа нашите сопствени очи. Така во маглата на осумдесеттите години исчезнаа слоновите на Моира Орфеи, исчезна циркускиот шатор некаде на Турската кула, на работ на врелиот медитерански град во времето на минивалот, мокасините и веспите; надвор од дофатот остануваат точките на трапезот, жонглерите, струготината, кротителот на лавовите, кловновите и оркестарот, изветреа мирисот на шеќерната волна и пуканките, врева та на сообраќајот и автобусот број осум што тогаш возеше по „Мармонт“ и со кој сосема можно сме стигнале таму: сè што остана е таа попатна фотографија со мајмунот, младото шимпанзо што, во тој неовластен чин на производство на моето сеќавање, циркускиот човек рутински и без прашања го спушти во мојата прегратка. Тој допир на кожата и крзното, прегратката на детето и животното – значи, средбата на две тела целосно животински – остана во мојот речник на асоцијации впишан како *блискост*, директна еманација и училиштен приказ на оној „бог во лицето на другиот“ на Левинас.

Четвртиот ден

Во своите триесет и седум години искусив само една вистински блиска смрт, таа на таткото на татко

ми. Оттогаш помина четвртина век, и нејзиниот вкус веќе по малку ми е туѓ. За човек на моја возраст, притоа пораснат, како и сите мои предци чии имиња ми се познати, во време на војна, за среќа само на нејзините лизгави маргини, овој факт е речиси неверојатен. Можеби тоа изостанување на моите мртви е заслужно за претераното дефиле на смртта на овие, како и на сите други мои страници. За некои други, во чии чевли не можам и не сакам да влезам, смртта е нешто како оние камили што Борхес ги вади од *Библијата*. Работа што самата по себе се подразбира, можеби блиска, секако присутна во мера и на начин што не е нужно да се споменува буквално. За мене умирањето претставува непознаница, речиси сите мои интимни умирања ќе се случат во иднина. Таа околност истовремено е израз на вонредна привилегија и на тесна кулиса. И на таа од смртта составена иднина се обидувам да ѝ се прикрадам, да се навикнам на неа расчинувајќи ја со формата, што е работа секако будалеста барем исто колку што е и неизводлива, невозможна. Пишувањето во насока на смртта, обидот за нејзино вежбање или дресура со текстот, е бесмислено колку и пишувањето против смртта.

Тоа е веројатно една од причините поради која ги присвојувам мртвите. Склон сум секој што умира да го набљудувам како на некој начин свој, а заедницата на сите досега закопани и запалени како проширено семејство од прав, семејство безимено и неопипливо, зашто единствено такво нешто суштински наше може и мора да биде. А овој град не само што е совршен град на мртвите – повеќе мртов отколку Бриж-мртвиот, Вавилон, Помпеја и Хирошима заедно – туку ова време, исто така, повеќе од другите е време на мртвите. Епоха на задушување и воопштување. Умираат соседите што не ги познавам претставувајќи се со сопствената смрт, тоа е она во сè неиздржливо тажно и страшно. Кни-

гите што ќе ги изнесат по нив наскоро ќе ги населат ѓубриштата и штандовите на пазарите за ветошини. А смртта, отсуството на глагол, доаѓа како што има навика да дојде.

* * *

За неа, за смртта, денес се зборува како за нешто срамно, просто. А смртта по својата природа не е тоа и никогаш не може да биде. Барем не на начинот како што се тривијални, неучтиви, на крајот на краиштата, неточни зборовите како, на пример, *нација*, *патриотизам*, *граница*. Смртта е простачка единствено ако се нанесе.

Петтиот ден

Секој ден ја преминувам улицата „Мерингдам“. Повеќе од желба отколку од нужност. И тоа е, не само ширината на душата и опсегот на ноќта, она што го прави голем градот: можноста за банални избори, постоење на алтернатива. За оние, секако, што можат да си ја дозволат алтернативата.

Преминувам често. Независно од времето на денот. Сеедно дали одам на прошетка, кај Турчинот по маслинки од Анталија или кај Италијанецот на аголот на „Кројцбергштрасе“ и „Гросберенштрасе“ на *un caffè nero come l'oliva napoletana*, и секојпат го среќавам тоа лице биено од дождот, упадливо слично на Крлежа од шеесеттите години, лице исушено, сушено од сонцето што секогаш е скржаво, и тие резигнирани, во себе урнати уста и очи насочени во нешто што припаѓаат, или му припаѓале на докторот Готфрид Бен. Тука, на бројот триесет и осум, од 1913 година, кога патологијата дефинитивно ја заменила дерматологијата, а љубовната афера со Елзе Ласкер-Шилер се сталожила во пријателство, до 1953 година, кога веќе и самиот се подготву-

вал да стане предмет на својата стручна страст, доктор Бен имал ординација и помал стан. Кога цртежите би умееле да стареат, низ десетина години овој отпечаток на поетското лице би избледел до неопипливоста на оној прозирниот, последниот портрет на Ваништа. Секојпат кога поминувам покрај плочата се сеќавам на песната „Што е злото“, нејзиното најтивко крешендо што во превод на Жмегач гласи: *Најлошо̄то: / да не се умре во ле̄то / ко̄га сѐ е све̄тло / и земја̄та по̄д ашово̄т е лесна.*

А оваа зима што дојде со својот мрак е чудна зима. Од -13 степени Целзиусови и замрзнатите канали температурата во иста недела се качува до +18. Во Далмација сега цутат бадемите. Една недела Хазенхајде е преполно со санкачи, веќе следната распупуваат првите нудисти. Италијанецот, ќелав наполитанец што веќе одредено време продава само кафе за носење, тврди дека точно знае од каде доаѓа таа неочекувана жештина и вели дека во тоа мора да има вмешано прсти некој нечуен ѓавол. Ако постојат прашања на пеколот, склон сум овој човек пораснат под ждрелото на Везув по тоа прашање да го сметам за експерт. Двајцата, сепак, знаеме дека еден нудист не ја прави пролетта.

* * *

Уште една плоча ме следи во прошетката, најчесто во сабота, кога ќе се соберат штандовите со зеленчук и деликатеси и Винтерфелдплац, едно од ретките места каде што макар за викенд е можно да се видат луѓе барем од далеку слични на својата предлошка, повторно се опушта слевајќи се на улицата „Масен“. Плочата е тешка, излеана од полно железо, и со појавата како да парира на тежината на злосторството впишано во неа. Тоа во оваа пригода останува премолчено, како во